Foundational Supports

# Дизајнирање на Основна поддршка

Владите на Австралија работат заедно за да дизајнираат и обезбедат дополнителна поддршка во заедницата. Ова е познато како **Основна поддршка**.

Ова е специфична поддршка која е дополнителна на главните услуги и поддршка до кои се пристапува преку Националната програма за осигурување на лица со попреченост (NDIS). Таа поддршка ќе им помогне на лицата со попреченост, на нивните семејства и негуватели во голем број важни области за кои знаеме дека ќе направат голема разлика.

## Зошто ни е потребна Основна поддршка?

NDIS го промени животот на многу лица со попреченост и е тука да остане.
NDIS обезбедува поддршка за лицата со попреченост кои ги исполнуваат условите.

Повеќето лица со попреченост не се во NDIS и не мора да бидат. На некои лица кои не се во NDIS им треба повеќе помош од она што можат да го добијат преку услугите што веќе постојат во заедницата.

Тука дополнителната Основна поддршка може да помогне.

## Помогнете ни да дизајнираме Основна поддршка

Австралиската влада сака да ги слушне лицата со попреченост, родителите, семејствата и секторот, за да помогнат во дизајнирањето на оваа дополнителна поддршка.

Нашето ангажирање започнува со утврдување на некои од различните видови општа поддршка што би можеле да се испорачаат и што се најважни, за да можеме правилно да го изведеме дизајнот на таа поддршка.

Вашите идеи ќе им помогнат на сите влади да се согласат околу дизајнот на оваа поддршка.

### Од кого сакаме да слушнеме

Ќе има сесии за ангажман со:

- лица со попреченост, без разлика дали се во NDIS или не.
- семејства, негуватели, роднини и застапници.
- други засегнати страни, како даватели на услуги. Тука се вклучени областите на попреченост, здравство, ментално здравје, раното детство, училиштата и други области.

## Зошто е важно да го кажам моето мислење?

Вашето искуство ќе ни помогне да дизајнираме како треба да изгледа дополнителната поддршка и како треба да се испорача.

### Што ќе опфатиме во разговорите

Постојат различни видови на Основна поддршка. На почетокот, ќе се фокусираме на само некои видови од оваа поддршка, наречени Општа поддршка. Тие се за сите лица со попреченост на возраст под 65 години.

Во зависност од вашите интереси, може да се придружите на дискусии за поддршка, како што се:

- информации и совети
- самозастапување
- поддршка од поедднакви лица
- градење капацитети.

Исто така, ќе ги побараме вашите идеи за тоа како Општата поддршка може да биде дизајнирана за да им помогне на одредени групи, како што се младите на кои им е потребна поддршка во клучните животни фази, лицата со одредена попреченост, како и семејствата, негувателите и роднините на лицата со попреченост.

Ќе има и други видови на Основна поддршка за кои владите ќе сакаат да ги добијат вашите идеи во идните фази на ангажирање. Ќе ја известиме заедницата кога ќе започнат следните фази на ангажирање.

## Како можам да го кажам моето мислење?

Постојат различни начини на кои можете да го кажете своето мислење. Добредојдени сте да придонесете на кој било од овие начини.

- **Присуствувајте на дискусии** - регистрирајте се за разговори на тркалезна маса користејќи го Распоредот за ангажман (Engagement Schedule) на https://engage.dss.gov.au/foundational-supports/ или испратете го вашиот интерес по имејл на Foundational.Supports@dss.gov.au
- **Придонесете на нашиот Ѕид на идеи (Ideas Wall)** - можете да додадете идеи за тоа каква поддршка е потребна и да ги споделите со другите во јавна онлајн табла.
- **Пополнете прашања онлајн или испратете поднесок** - тие се достапни на нашата веб-страница https://engage.dss.gov.au/foundational-supports/ или користете го QR кодот.
- **Контактирајте го нашиот тим за ангажман** - можете да го контактирате тимот за ангажман во The Social Deck, тие ги поддржуваат овие разговори за дополнителна поддршка со луѓето. Тие ќе ви помогнат со најдобрите опции за да придонесете. Испратете имејл на foundationalsupports@thesocialdeck.com

## Повеќе информации

**За да се земете учество, посетете ја нашата веб-страница**
https://engage.dss.gov.au/foundational-supports/ или користете го QR кодот.

**Можете исто така да испратите имејл на**
Foundational.Supports@dss.gov.au